**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 147.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 05.05.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,147.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 146.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разгледување на Информација по однос на емисијата “Моја сторија”.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 146.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 146.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 146.седница на Програмскиот совет на МРТ по забелешка на членот Златко Јанковски беше договорено да се префрли на увојување за наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац информираше пред членовите на советот дека пред почетокот на самата седница пристигнати се два мејла еден од Марина Тодоровска раководител на Секторот за поддршка на Директорот на МРТ и еден од Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија.
Првиот меил содржи Информации по заклучоци од предходни седници, и Претседателката предложи да се разгледуваат на наредна седница на советот.
Вториот меил го образложи Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија кој објасни дека се работи за барање на ЗНМ и ССНМ за решавање на статусот на досписниците на МРТ, притоа тој објасни дека се работи за 16 лица кои се дел од допсиничката мрежа на МРТ и кои работат во изминатите 4 (четири) месеци, и притоа немаат добиено никаков надоместок за тоа,исто така има забелешка зошто потпишуваат договори „месец за месец“ а нема никаква законска пречка да потпишуваат договор на една година.Ведат потсети и на тоа дека ние како совет ја усвоивме Стратегијата за развој на МРТ во која една од главните цели беше и дописничката мрежа на МРТ,и затоа за наредна седница да побараме писмена информација од менаџментот на МРТ до каде е целиот процес,зошто е ова настанато и како мислат да го решат овој проблем со дописниците.
Бидејќи по останатите заклучоци не беа добиени никакви информации, беше усвоено истите да бидат префрелни за разгледување на наредната седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација по однос на емисијата “Моја сторија”.**
По однос на оваа точка вклучена беше Анета Андонова главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ која објасни дека „Моја сторија“ е проект на Европска унија во координација со МРТ без финансиски инпликации,со предходно барање за согласност за избор на продукција која ќе го реализира.
Темите кои се обработуваат беа предложени од Европска унија и тука се секакви теми обработени кои ги допираат младите како што се на пример миграција, климатски промени, маринализирани групи,невработеност,дискриминација и др.
Темата за дискриминирани групи не беше намера тоа да се промовира туку чисто да се помогне за таквите лица, во емисијата немаше говор на омраза,наредната емисија како пример е за климатски промени.
Анета Андонова информираше дека поради негативните реакции на проектот координаторот на проектот од страната на ЕУ има изготвено писмен став, кој во текот на денот ќе биде доставен и до членовите на Програмскиот совет на МРТ.
Членот Ристе Панов посочи пред членовите дека од тоа што го видов на екран се добива впечаток дека се промовира една страна со проектов, меѓутоа ние како јавен сервис сме обврзани избалансирано да ги застапуваме и другите страни како став, како на пример традиционалните и семејните вредности на младите,со овој проект имам впечаток дека сме наколонети и промовираме само една страна.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Членот на советот Косана Н Мазнева информираше дека Комисијата за заштита од дикриминација ќе достави до Програмскиот совет, Информација и барање за бесплатно емитување на спот за Европското првенство во фудбал 2021, и предложи истото да го разгледаме на наредна седница.

Седницата заврши во 13:10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател